

Биљана Кајевиќ

Biljana Kajevic

Без наслов, 2010, цртеж - туш на хартија, 50x70 см
Untitled, 2010, drawing - indian ink on paper, 50x70 см

НУ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
NI NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
MINISTRY OF CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Биљана Кајевиќ
Biljana Kajevic

слики и цртежи / paintings and drawings

Без наслов, 2011, цртеж - туш на хартија, 50x35 см
Untitled, 2011, drawing - indian ink on paper, 50x35 см

Чифте амам, Скопје, мај-јуни 2012
Cifte Hamam, Skopje, May-June 2012

“Чувствата, на тој начин ние ги доживуваме нештата; ... чувствата не се ниту “објективни“ ниту “субјективни“, туку и едното и другото истовремено затоа што сите предмети или сите нешта произлегуваат од заемното дејство помеѓу телото-духот и надворешниот свет“

(Robert Motherwell, “По 45“)

Колку е сложен и провокативен мигот во кој се раѓа едно уметничко дело?! Или, колку длабоко да се нурнеш во процесот на себеспознанието и да ги отвориш портите на еден личен и истовремено сечовечки универзум, да изнесеш своја и истовремено да раскажеш сечовечка и сепостојна вистина за еден свет, колку материјален, толку и духовен, во кој секоја единка е дел од еден оригинален преплет на настани и доживувања, навидум толку далечни, а сепак толку блиски. Притоа, емоциите, чувствата стануваат двигателот на творечкиот универзум, вистина од која произлегува уметничкото дело како личен и универзален печат на едно време, на еден миг, содејствувајќи меѓу разумот и духот, меѓу интимното и колективното.

Во обид да ја растолкуваме или да ја “демистифицираме“ врската што се создава и негува како непрекинат процес меѓу уметникот и уметничкото дело од една страна и гледачот или толкувачот од друга страна, истовремено осознаваме колку митологијата и историјата, низ одреден модел на традицијата, се дел од сé и од секој, тие ја чинат сложената основа на денешнината, на модерната приказна во која секоја единка сака да раскаже и да изнесе своја вистина за постоењето и опстојувањето*. “Да се анализираат уметничките дела, тоа значи суштествено да се сфати иманентната историја што е во нив наталожена (Иван Џепаровски, “Уметничкото дело“)*

Во овие рамки, низ призмата на духовното и емотивното, водено од наративното и интимно доживување и вообличено со карактеристичен ликовен приод го откриваме пулсот на творештво на Биљана Кајевиќ. Имено, станува збор за автор што подолг период работел надвор од фокусот на поширокатa ликовна јавност, автор што годините на “јавна неекспонираност“ ги посветил на личната интроспекција, поточно на себеистражувањето, внушувањето во полето на себеспознанието и медитацијата, надградувајќи се и со литерарни содржини или, како што вели самата, ги посветила на еден вид интровертно творење. Без забележителна развојна линија, доживувајќи го креативниот процес како единство на севкупните ментални, емотивни и духовни процеси во комбинација со различни форми или начини на ликовно изразување, творештвото на Кајевиќ претставува всушност “*камерен глас на еден тивок медитативен опус, творечки созреван далеку од очите на јавноста и ликовно-медиумските случувања*“ *(Дејан Буѓевац).*

Имено, следејќи го пред сé личниот сензибилитет, без однапред третиран концепт и афирмирана идеја, Кајевиќ оформува еден ликовен израз со широк дијапазон на ликовни и стилски определби што многу евидентно претставуваат своевидна евокација или “*цитати од меморијата на светската историја на уметноста*“ *(Буѓевац)*. Притоа, сосема спонтано, со извонредна, занаетска, би рекле, леснотија и умешност, балансира во односот меѓу фигуративното и апстрактниот набој чинејќи софистицирани претопи како своевидна игра меѓу јавето и сонот, меѓу светлото и сенката. Нејзините масла се населени со колку реалистични, многу повеќе фантастични и истовремено длабоко експресивни ликови и фигури кои што со својата блага еротизираност или нагласена меланхоличност создаваат флуид на извесна мистичност, таинственост, недопирливост и нè вовлекуваат во светот на фантастичното или во светот на симболичното.

Во овие рамки, следејќи ја својата максима за спонтан уметнички израз, Кајевиќ, воедно, инспирирана од значењето и предизвикот на играта на годовите во пресекот на едно дрво, како своевидна жива материја која што на една површина и во еден миг го сублимира целокупното неговото постоење, создава истовремено и своевидни “дрвени кулиси“. Всушност, соодветно на еден интимен момент на рекапитулација на сопствениот живот, авторката водена од еден контемплативен став за длабоката космологија скриена во старосните прстени на едно дрво, за

мудроста на времето и тајните сокриени во минатото или предизвикот на иднината, ги облагородува дрвените панели со ликови направени по случаен избор, кои во својата суштина идејно го материјализираат персоналитетот на секоја од нив и истовремено ѝ овозможуваат да ја запази природноста на годовите или суштината на дрвото од технички и естетски аспект.

Ваквата прецизност од технички аспект и истовремено контемплативен дух и медитативен пристап во идејната поставеност на уметничкото дело уште повеќе доаѓа до израз во цртачката постапка. Најчесто користи туш на хартија, но неретко и комбинирана техника на туш и масло на платно како медиум што ѝ овозможува извонредни цртачки ефекти. Она што е посебно карактеристично за неа е цврсто изградената арматура на една широка палета на портрети и примери од животинскиот свет, изведени со минуциозна цртачка постапка, која остава впечаток на трпелив и непрекинат преплет од линии со нагласена обработка на деталите. Деликатноста во обработката на цртежот и вниманието со кое авторката го провлекува конецот низ својата стабилна, но органски подвижна и богата цртачка арматура, всушност произлегува од идејата или сфаќањето за светот како нераскинливо или единствено ткиво изградено од еден комплексен преплет од линии и точки, или, попрецизно, комплексен преплет на материјата и духот.

Во овие рамки, како дел од еден континуиран процес на истражување и ликовно преиспитување во делата на Кајевиќ е сé поевидентно и присуството на златната боја. Како што вели таа, независно дали станува збор за фигуративно доживување на темата или за апстрактно третирање на содржината, златната боја во нејзините дела (слики и цртежи) е присутна на симболично, духовно, медитативно и енергетско ниво. На овој начин, експериментирајќи со нејзините технички, визуелни и естетски можности и карактеристики и земајќи го предвид нејзиното значење како препознатлив иконографски елемент во историјата на светската уметност, како и поврзаноста со традицијата, истовремено го надополнува личниот сензибилитет и го надградува сопствениот креативен, творечки процес.

Конечно, следејќи го пред сé личниот сензибилитет, низ призмата на духовното и емотивното, Кајевиќ со посветеност и сконцентрираност наметнува и разработува комплексни ликовни проблеми, со чија помош ги гради своите дела (слики, цртежи и објекти) длабоко втемелени во еден непрекинат процес на лична интроспекција. Станува збор за творештво кое што, метафорично во своето емотивно спознание, следејќи ја играта на евокативното, таинственото и магичното, во својата суштина се доближува и истовремено доминантно се определува како своевидно, би рекле, поетско искуство. *“Сликарството е пред сé поетско искуство. Тоа е метафора; таа не дозволува да биде објаснета, таа не дозволува дури ни да се почне со објаснување затоа што врз неа се создава и разградува смислата која ѝ се припишува. Токму затоа уметноста предизвикува, вознемирува и егзалтира, исто како и животот ... Единствено што им се измолкнува на сите, на гледачот, како и на уметничкиот критичар е токму реалноста на сликата. Овде, всушност, започнува поезијата“ (Pierre Soulages, “По 45“).*

Маја Неделкоска-Брзанова

Без наслов, 2012, комбинирана техника на платно, 110x80 см
Untitled, 2012, mixed media on canvas, 110x80 см



Без наслов, 2012, комбинирана техника на платно, 100x80 см
Untitled, 2012, mixed media on canvas, 100x80 см

Feelings, that way we experience things... Feelings are neither „objective“ or „subjective“ , but both simultaneously, because all items or all things arising from the interaction between body - the spirit and the outside world.

(Robert Motherwell, “After 45”)

How is a complex and provocative the moment in which a work of art is born?! Or, how deep to plunge into the process of self knowledge and open the gates of a personal and simultaneously all human universe, to tell your own and simultaneously to tell the all human and existing truth about a world, how much material and so the spiritual, in which each individual is part from an original harmony of events and experiences, seemingly so distant yet so close.

During this, the emotions, feelings become driver of the creative universe, truth from which derives the artwork as a personal and universal seal at one time, at one moment, to interact between reason and spirit, between intimate and collective.

In an attempt to interpreted or to demystify connection that creates and nurtures as a continuous process between artist and artwork, on one side, and viewer or interpreter on the other side, simultaneously we also learned how mythology and history, through a particular model of tradition, are part of everything and everyone, they constitute the complex basis on the present, of modern story in which each individual wants to tell and bring their truth its truth for existence and survival.

To analyze artworks, means essential to understand the immanent history is settled in them (Ivan Dzeparovski, ”The artwork”).

In this framework, through the prism of spiritual and emotional, driven by narrative and intimate experience, and framed by distinctive visual approach, we discover the pulse creativity of the author.

We are dealing with author who a long period worked out of focus the wider public art, author that years of “no public exposure”, has devoted to personal introspection, specifically with self study, snorkeling in the field of self knowledge and meditation, complementing and with literary content, or as she says, devoted to the introverted kind of creations.

No significant developmental line, experiencing the creative process like unity as the overall mental, emotional and spiritual processes, combined with different forms or modes of artistic expression, the creation of Kajevic is actually represents “chamber voice on a quiet meditative opus, they are creative matures away from public eye - and art - media events” (Dejan Bugjevac).

Respectively, the following primarily personal sensibility, without pre-treated concept and affirmed the idea, Kajevic formed an artistic expression with wide range of artistic and stylistic choices that evidently represent kind of evocation or “quotes from the memory of world art history” (Bugjevac).

Moreover, quite spontaneously, with remarkable ease and dexterity craft, balance in the relationship between figurative and abstract charge creating sophisticated fusion as interplay between reality and dream, between light and shadow. Its oils are populated with as realistic, more fantastic and simultaneously deeply expressive faces and figures which with its gentle eroticism or pronounced melancholy create fluid a certain mystique, secrecy, intangibility and we pulled into the world of fantastically or in the symbolic world.

In this framework, following his maxim for spontaneous artistic expression Kajevic, also inspired by the meaning challenge of the game of stump wood rings, as a living matter, that a surface in a moment sublimates his entire existence, creates both some kind “wooden backdrops”.

In fact, depending on an intimate moment of recapitulation of his life, author led a contemplative attitude and view of the deep cosmology hidden in the age rings of a tree, about the wisdom of time and secrets hidden in the past or the challenge of the future, enrich the wooden panels with images taken at random, which in its essence materialize the personality each of them simultaneously and allow to store naturalness of the rings or the essence of the tree for technical and aesthetic aspect.

Such precision for technical and simultaneously contemplative spirit, and meditative approach to the ideological placement of artwork, even more apparent in the sketching process. She often uses ink on paper but often the combined technique of ink and oil on canvas as a medium that offers excellent drawing effect.

What is particularly distinctive about it is solidly constructed armature a wide range of portraits and examples of wildlife, performed with meticulous drawing procedure, which gives the impression of patient and continuous harmony of lines with pronounced processing details.

Delicacy of the drawing processing and attention with which the author thread passes through its stable, but organic mobile and rich drawing fixtures, actually comes from the idea or understanding of the world as inextricably or exclusively tissue built from a complex harmony of lines and points, or, more accurately, complex harmony of matter and spirit.

In this framework, as part of a continuous process of research and artistic review in the works of Kajevic often can be observed the presence of the golden color.

As she says, regardless of whether it comes to a figurative experience on the topic or abstract treatment of the content, golden color in her work (paintings and drawings) is present on the symbolic, spiritual, meditative and energy level.

In this way, experimenting with its technical, visual and aesthetic opportunities and features and taking into account its importance as a recognizable iconographic element in the history of world art, and association with tradition also complements the personal sensibility and upgrades own creative, artistic process.

Finally, following primarily the personal sensibility, through the prism of spiritual and emotional, Kajevic with dedication and concentration imposes and elaborates complex visual problems, with the help of which creates its works (paintings, drawings and objects) deeply grounded in one continuous process of personal introspection.

It is about a creativity which metaphorically in his emotional cognition, following the game of evocation, mysterious and magical, in essence approaches and simultaneously predominantly determined as a kind, we would say poetic experience.

“Painting is primarily a poetic experience. It is a metaphor, it does not allows to be explained, it does not allow even to begin by explaining because on it creates and corrupts meaning which is attributed.

That is why art causes, upset and longing, just like life… The only thing is falling at all, the viewer and the art critic is just the reality of the picture. Here actually starts poetry”. *(Pierre Soulages, “Po 45”).*

Maja Nedelkoska-Brzanova

Без наслов, 2011, цртеж - масло на хартија, 50x70 см
Untitled, 2011, drawing - oil on paper, 50x70 см

Без наслов, 2009, комбинирана техника на платно, 120x94 см
Untitled, 2009, mixed media on canvas, 120x94 см

Без наслов, 2009, комбинирана техника на дрвен панел, 180x32 см
Untitled, 2009, mixwd media on wooden panel, 180x32 см

Биљана Кајевиќ

Дипломира на Факултет за ликовни уметности, Скопје во 1994 година.
Автор е на ликовното решение за витражот на централната купола во Музејот на македонската борба за државност и самостојност – Скопје.

Самостојни изложби:

2012 - Национална галерија на Македонија, објект Чифте амам
2011 - Културно информативен центар на Република Македонија во Софија
Националната установа Центар за култура “Трајко Прокопиев“ – Куманово
Националната установа Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп
2010 - Уметничка галерија – Безистен – Штип
Кинотека на Македонија – Скопје
Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ – Кавадарци

www.bibakajevic.webs.com

Biljana Kajevic

She graduated in Faculty of Fine Arts, Skopje in 1994.
She is the author of the artistic solution for stained glass of the central dome in Museum of the Macedonian struggle for statehood and independence - Skopje.

Solo exhibitions:

2012 - National Gallery of Macedonia, Chifte Hamam
2011 - Cultural Information Centre of the Republic of Macedonia in Sofia
National Institution, Center for Culture “Trajko Prokopiev” – Kumanovo
National Institution, Center for Culture “Marko Cepenkov” – Prilep
2010 - Art Gallery – Bezisten – Stip
Cinematheque of Macedonia – Skopje
House of Culture “Ivan Mazov – Klime” - Kavadarci

Без наслов, 2011, цртеж - туш и масло на хартија, 50x70 см
Untitled, 2011, drawing - indian ink and oil on paper, 50x70 см

НУ Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 (0)2 31 26 856
Факс: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
Биљана Кајевиќ
Мај-јуни 2012

NI National Gallery of Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: + 389 (0)2 31 26 856
Fax: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
Biljana Kajevic
May-June 2012

Издавач: НУ Национална галерија на Македонија
За издавачот: Халиде Палоши, директор
Организација на изложбата: Маја Неделкоска Брзанова
Текст: Маја Неделкоска Брзанова
Превод на англиски: Бехар Далипи
Дизајн: Борис Шемов
Фотографии: Игор Василев
Лектура: Кирил Ангелов
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Publisher: NI National Gallery of Macedonia
For the publisher: Halide Palloshi, director
Organization of the exhibition: Maja Nedelkoska Brzanova
Text: Maja Nedelkoska Brzanova
English translation: Behar Dalipi
Design: Boris Semov
Photography: Igor Vasilev
Edited by: Kiril Angelov
Printed by: Skenpoint, Skopje
Copies: 500

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија

Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

ISBN 978-9989-196-94-2

Насловна страница: *Без наслов*, 2010, цртеж - туш на хартија, 50x70 см
Cover page: *Untitled*, 2010, drawing - indian ink on paper, 50x70 см